# ЗАПИСНИК

Од одржаната **19-та седница на Советот на општина Новаци** одржана на ден **24.11.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:
Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Вељановски. и Наумче Смилевски.

На седницата се присутни вработени во општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител, Летка Јовановска - раководител, Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – соработник.

.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Усвојување на Записникот од 18-та седница на Совет на Општина Новаци

1. **Предлог - Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/23 година.**
2. **Предлог - Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2023-2025.**
3. **Предлог - Програма за животна средина на општина Новаци за 2023г.**
4. **Предлог - Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општина Новаци за 2022г.**
5. **Предлог – Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2022г. - измена Ноември 2022г. (санација на тоалети во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци)**
6. **Предлог- Одлука за формирање на Комисија за попис на општина Новаци.**
7. **Барање од одделението за Неврологија при Клиничка болница – Битола за набавка на електричен бојлер за потребите на одделението**
8. **Барање за финансиски средства во висина од 45 350,00 ден. од КУД „Новаци“ за превоз на играорците до Струга, Охрид, Витолиште , Конче – Радовиш**
9. **Барање од Николче Мицевски за поддршка на промоција на неговиот нов солистички албум со инструментална музика „NEW ERA“**
10. **Барање од црковно иницијативен одбор од с.Сливница (барањето е во повеќе ставки)**
11. **Барање од Благоја Дојчиновски од с.Новаци за асвалтирање на патот што води до куќата**
12. **Барање од Гоце Стојановски од с.Новаци за исплата за извршена работа во соблекувалните на фудбалскиот стадион во с.Новаци**
13. **Барање од Драги Лаковски од с.Новаци за финансиска помош поради пожар на семејната куќа (во прилог Записник за штета од пожар ( бр.од Комисијата за проценка на штета од елементарни и други непогоди)**

Дополнување : <u>Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош</u>

- **Доста Трајковска од с.Велесело бр. 08-936/1 од 20.10.2022г.**
- **Целе Тодорчески од с.Добромири бр.08-544/1 од 13.05.2022г.**
- **Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири бр.03-994/1 од 14.11.2022г.**

Пред гласање на Дневниот ред на 19–та Седница на Советот на општина Новаци Претседателката Најдовска-Стојковска предложи да не се разгледува точка бр.13 која се однесува на Барање од Драги Лаковски од с.Новаци.

Советникот Љупчо Петровски исто така предложи Дневниот ред да се дополни со уште една точка, т.е да се разгледа Барањето од Каранфиловски Драги од с.Горно Агларци.

На ова Претседателката Најдовска-Стојковска даде објаснување дека Барањето од Каранфиловски Драган е поднесено два дена пред оддржувањето на оваа седница и не е со хитна и неодложна природа, така што нема потреба да се стави на разгледување на денешната Седница. Ова барање ќе биде оставено да се разгледува за наредната, 20-та Седница на Советот на општина Новаци.

По оваа дискусија Дневниот ред без точка бр.13 беше ставен на гласање и беше усвоен со **<u>9 гласа за.</u>**

Записникот од 18-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>9 гласа за</u>.**

1. точка: **Предлог - Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/23 година.**

По однос на оваа точка Летка Јовановска - раководител накратко ја презентираше Програмата за зимско одржување во која општина Новаци е носител на сите работи и активности, додека спроведувањето на Програмата му е доверено на ЈПКД „Комунална Хигиена“ - Новаци.

Оваа точка беше ставена на гласање така што Советот на општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** усвои “ Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/23 година“

2. **точка: Предлог - Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2023-2025.**

Летка Јовановска –раководител пред Советниците даде објаснување дека Развојниот план се однесува за тригодишен период и во него се опфатени повеќе комунални дејности како изградба и реконструкција на системи за водоснабдување и канализациони системи, собирање, транспост и депонирање на отпад, одведување на отпадни води и сл.

По излагањето Советот на општина Новаци гласаше, и со **<u>9 гласови за</u>** усвои “Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2023-2025“.

3. **точка: Предлог - Програма за животна средина на општина Новаци за 2023г.**

И по однос на ова прашање раководителот Летка Јовановска зеде збор за да ги претстави предвидените активности во Програма за животна средина за 2023г. Советот на општина Новаци со **<u>9 гласови за</u>** ја усвои “Програма за животна средина на општина Новаци за 2023г.“

4. **точка: Предлог - Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општина Новаци за 2022г.**

По однос на четвртата точка збор зеде Оливера Димитровска - раководител по финансии, која објасна дека пренамената на средствата на Буџетот се однесуваат во делот на Основен Буџет поточно средствата од делот Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води се пренаменуваат во делот на општинска администрација поточно во делот привремени вработувања.

По излагањето Советот на општина Новаци **<u>со 7 гласа за и 2 гласа против</u>** донесе "Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општина Новаци за 2022г."

5. **точка: Предлог–Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2022г. - измена Ноември 2022г. (санација на тоалети во ООУ „Славко Лумбарковски"- Новаци**

За оваа точка објаснување даде Филип Радевски (советник за јавни набавки) кој објасни дека измената во планот за јавни набавки е наменет за санација на тоалетите во внатрешноста на ОУ „Славко Лумбарковски" - Новаци. Советничката Сузана Јовановска побара да се достават финансиска проценка и проектниот нацрт од реконструктивните работи. Откако сите побарани документи беа дадени на увид пред Советниците, точката беше ставена на гласање така што Советот на општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** усвои " Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2022г. - измена Ноември 2022г."

6. **точка: Предлог- Одлука за формирање на Комисија за попис на општина Новаци за 2022г.**

Советникот Горан Велјановски зеде збор по однос на оваа точка како Претседател на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, така што како членови на Комисијата ги предложи: Игорче Ристевски, Благојче Николовски и Гоце Талевски од општинската администрација. На ова Оливера Димитровска-раководител по финансии зеде збор и објасни дека Комисијата треба да работи во текот на целата година како би се надминале досегашните недостатоци во пописот на основниот инвентар и предложи Комисијата да се зголеми со уште два члена. На ова Советниците од своите редови како член го предложија советникот Иванчо Котевски, а Оливера Димитровска за член во Комисијата ја предложи Сања Јанакиевска како државен службеник од одделението за финансии.

По оваа дискусија Советот на општина Новаци гласаше за ваквиот предлог и со **<u>9 гласа за</u>** донесе "Одлука за формирање на Комисија за попис на општина Новаци за 2022г. формирана од 5 (пет) члена."

7. **точка: Барање од одделението за Неврологија при Клиничка болница – Битола за набавка на електричен бојлер за потребите на одделението.**

По однос на оваа точка Претседателката Најдовска – Стојковска пред советниците даде кратко објаснување за потребата од набавка на два електрични бојлери во одделот за Неврологија при ЈЗУ Клиничка Болница во Битола како би се обезбедило подобрување на хигенските услови во одделот, а кои во овој момент се на независно ниско ниво.

Советот на општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** донесе "Одлука за одобрување набавка на два електрични бојлери за потребите на болничкиот оддел за Неврологија, ЈЗУ Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски" – Битола"

8. **точка: Барање за финансиски средства во висина од 45 350,00 ден. од КУД „Новаци" за превоз на играорците до Струга, Охрид, Витолиште, Конче - Радовиш**

По однос на оваа точка на претходната седница од Претседателот на КУД „Новаци"- Новаци беше побарано да достави Извештај за претходно добиени средства одобрени од Советот на општина Новаци, со приложени платени фактури и сметки. Таков Извештај беше

доставен до Советниците, така што тие го разгледаа Барањето за финансиски средства со кои КУД „Новаци“ ќе ги реализира активностите од својата програма. По кратка дискусија Советниците со **7 гласа за и 2 гласа против** донесоа “Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД „Новаци“- Новаци“.

9. **точка: Барање од Николче Мицевски за поддршка на промоција на неговиот нов солистички албум со инструментална музика „NEW ERA“**

Советниците го разгледаа барањето од Николче Мицевски познат композитор и музичар со потекло од с.Новаци. Неговото барање се однесува на финансиска поддршка за промоција на неговиот нов солистички албум. Претседателката на Комисијата за финансирање, Буџет и Лер достави предлог до Советот , висината на финасиските средства изнесува 60.000,00 ден.

Советот го прифати предлогот и **едногласно** донесе “Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Мицевски“

10. **точка: Барање од црковно иницијативен одбор од с. Сливница (барањето е во повеќе ставки)**

По однос на оваа точка Советниците го разгледаа Барањето од Црковно-иницијативен одбор од с.Сливница кое беше во повеќе ставки и одлучија за излезат во престрет на дел ставките наведени во Барањето кои се однесуваа на иведба на градежни работи, додека за останатите ставки ќе се одлучува кога за тоа ќе се создадат можности.

Советот на општина Новаци со **9 гласа за** донесе “ Одлука за одобрување на изведба на градежни работи во село Сливица.“

11. **точка: Барање од Благоја Дојчиновски од с.Новаци за асвалтирање на патот што води до куќата**

Советниците го разгледаа Барањето од Благоја Дојчиновски од с.Новаци и во консултаци ја со стручното лице од општинската администрација добија информација дека на тој пат не е дозволено асфалтирање поради каналот кој минува под патот. Единствено што можи да се направи е санирање на патот со тампон.

Советот на општина Новаци со **9 гласа за** донесе “Одлука за одобрување на Барање од Благоја Дојчиновски од с.Новаци“

12. **точка: Барање од Гоце Стојановски од с.Новаци за исплата за извршена работа во соблекувалните на фудбалскиот стадион во с.Новаци**

Советниците го разгледаа барањето од Гоце Стојановски од с. Новаци и воочија дека недостигаат документи. Соодветно на таа констатација Советниците донесоа Одлука за одложување на решавање на Барањето се додека не се достави потребната документација.

Советот на општина Новаци со **9 гласа за** го прифати предлогот на Претседателката Најдовска–Стојковска, Барањето да се разгедува на наредна седница кога ќе бидат доставени потребните документи од страна на Гоце Стојановски.

14. **точка: Барање за финансиска помош од Доста Трајковска од с.Велесело**

По однос на оваа точка Советниците го разгледаа барањето од Доста Трајковска која живее сама без грижа од членови на потесното семејство и се наоѓа во тешка здравствена состојба, поради што е неопходно сместување во соодветна институција. Комисијата за финансирање, Буџет и ЛЕР преложи висината на еднократната парична помош да иснесува 20.000,00 ден.

Советот на општина Новаци **едногласно** го прифати предлогот и донесе “Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Трајковска од с.Велесело“

**15. точка: Барање за финансиска помош од Целе Тодорчески од с.Добромири**

И по однос на оваа точка Советот на општина Новаци по разгледување на Барањето со соодветната медицинска документација. Советот одлучи висината на еднократната парична помош да изнесува 20.000,00 ден како што предложи и Комисијата за финансирање, Буџет и ЛЕР.

Советниците **<u>едногласно</u>** донесоа “Одлука за доделување на еднократна парична помош на Целе Тодорчески од с. Добромири“

**16. точка: Барање за финансиска помош од Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири**

Советот го разгледа Барањето на Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири со кое бара еднократна парична помош неопходна за лекување. Комисијата за финансирање, Буџет и ЛЕР предложи висината на финансиската помош исзнесува 20.000,00 ден.

Советот гласаше и **<u>едногласно</u>** донесе “Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири“

Записничар: Н. Лозановска

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

______________________________